Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа
Бр. 08-9850/1
03.02 2025 год.
Охрид

Врз основа на член 48 став (4) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и Сл.Весник на РСМ бр. 14/20 , бр.99/22 и бр.208/24) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" бр. 11/15 и 35/18), општина Охрид објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ - 2/2025**
**за унапредување на административен службеник во општина Охрид**

Општина Охрид објавува интерен оглас за унапредување на 2 (два) административени службеници за следните работни места :

1. **Виш соработник за стратешко планирање на туризмот и угостителството УПР 01 01 В02 000, Одделение за туризам, Сектор за туризам и локален економски развој- 1 (еден) извршител**

*Општи услови:*
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

*Посебни услови:*

- ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации стекнати најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1степен, Општествени науки/ Економија и бизнис
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- најмалку две години работно искуство во струката.
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

*Општи работни комепетенции на средно ниво:*

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странки/засегнати страни и
- финансиско управување.

*Распоред на работно време:*

- Работни денови:од Понеделник до Петок
- Работни часови неделно: 40 часа

- Работно време: од 08:00 до 16:00 часот

Паричен износ на основна нето плата:34.312,00 денари

2. **Самостоен референт за техничка поддршка на општинскиот кризен штаб за заштита и спасување УПР 01 01 Г01 000, Одделение за заштита, спасување, управување со кризи, Сектор за општи работи- 1(еден) извршител**

*Општи услови:*

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

*Посебни услови:*

- - ниво на квалификациите V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку Вишо /Средно образование
- - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- најмалку три години работно искуство во струката.
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

*Општи работни комепетенции на основно ниво:*

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

- Работни денови:од Понеделник до Петок
- Работни часови неделно: 40 часа
- Работно време: од 08:00 до 16:00 часот

Паричен износ на основна нето плата:27.800,00 денари

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во општина Охрид кој ги исполнува општите и посебните услови пропишани за работното место како и:

- да е оценет со оцена „ А " или „ Б " при последното оценување на кое бил оценуван,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кон пријавата можат да се приложат и други докази:

- потврди за успешно реализирани обуки и
- потврди за успешно реализирано менторство.

Административниот службеник се пријавува со пополнување на пријава објавена во прилог на интерниот оглас.

Пополнетата пријава со потребната документација треба да се достави до архивата на општина Охрид и до службената електронска адреса: administracija@ohrid.gov.mk

Рокот за пријавување изнесува 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас на web страната на институцијата.

Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавените административни службеници ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја фаза од постапката на веб станата на општина Охрид и тоа:

Фаза 1 - административна селекција се спроведува најдоцна 15 дена од денот на истекот на рокот за пријавување.

Фаза 2 –интервју се спроведува во рок од 5 дена од завршување на фаза 1.

**НАПОМЕНА:**

Административниот службеник кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Општина Охрид
Градоначалник
Кирил Пецаков

Република Северна Македонија
Градоначалник на општина
ОХРИД

Одобрил:Раководител Лидија Грданоска
Изготвил:Пом. Соработник Владимир Ристески